Заедници инклузивни за млади

ЕУ со ТЕБЕ

**УСЛОВИ ЗА РАБОТА**

**Регионални набљудувачи за мерење на индексот на социјална вклученост на младите на локално ниво**
**за потребите на проектот „Заедници инклузивни за млади“**

**За проектот**

Главна цел на проектот е подобрување на локалното владеење преку зголемена инклузивност и општествено влијание на младите во локалниот демократски живот. Клучните засегнати страни се младински граѓански организации, локални младински совети, единици на локална самоуправа и граѓани. Проектот го спроведува Националниот младински совет на Македонија, заедно со партнерите Фондација за развој на локалната заедница – Штип, SFERA International Битола и ЈЕП – Гостивар. Проектот „Заедници инкулзивни за млади“ е поддржан од Европската Унија и започна да се имплементира во март 2022 година, а ќе трае до септември 2024 година.

**За ангажманот**

Во рамките на проектот предвидено е ангажирање на 8 набљудувачи за мерење на индексот на социјална вклученост на младите на локално ниво. Информациите за индикаторите ќе се собираат во претходно развиена матрица за следење на имплементацијата на законот. Набљудувачите ќе бидат распределени по еден претставник во плански регион, а ќе бидат опфатени 81 општина.

Работните задачи на регионалните набљудувачи опфаќаат:

1. Следење на претходно развиената методологијата која ќе вклучува претходно утврдени и јасни алатки и начини за мерење на индексот социјалната вклученост на младите во локалните институции;
2. Редовно пополнување на мониторинг матрица со добиените информации за следењети на социјалната вклученост на младите на локално ниво;
3. Присуство на еднодневна работилница за методологијата и алатките за следење на социјалната вклученост на младите на локално ниво.

Регионалните набљудувачи ќе бидат ангажиран за вкупно 6 месеци, во период од декемви 2023 – мај 2024 година.

**Очекувани резултати**

Се очекува регионалните набљудувачи да ги исполнат следните задачи:

Финансирано од Европска Унија
Национален младински совет на Македонија
Фондација за развој на локалната заедница
СФЕРА Интернешнал
yep! Youth Empowerment Platform

- Прибирање на податоци од општините согласно претходно развиената методологијата и алатките за мерење на индексот социјалната вклученост на младите во локалните институции;
- Ажурирање на мониторинг матрицата согласно прибраните податоци за мерење на идексот на социјална вклученост на младите на локално ниво;
- Подготовка на месечни извештаи за реализацијата на задачите.

**Потребни квалификации**

- Завршено минимум средно образование;
- Познавање на планскиот регион за кој се поднесува апликацијата;
- Пристапен за соработка;
- Предност ќе имаат млади лица на возраст до 29 години.

**Начин на аплицирање**

Сите заинтересирани лица потребно е да достават документи до **06.11.2023 година**, на applications@nms.org.mk, со наслов **„Апликација за набљудувач за (плански регион за кој се аплицира) – YILC – назив/име и презиме".** Во апликацијата потребно е да се содржани следните документи:

- Кратка биографија;
- Писмо за номинација од граѓанска организација.